**Прашања поставени од акционери на седница на Годишното Собрание на Македонски Телеком (Друштвото) на 04.04.2012 година и одговори на поставените прашања**

- **По предложените точки на работниот дел на Дневниот ред:**

**Прашање:** Зошто нема експлицитно утврдена точка од Дневниот ред - Извештај од ревизорската куќа? Зошто извештајот од ревизорската куќа сега има нова форма, која е целта и што се постигнува?

**Одговор:** Мислењето на ревизорската куќа по однос на финансиските извештаи како и досега е вклучено на првата страна на финансиските извештаи на Друштвото, во секоја точка соодветно. Мислењата на ревизорската куќа како составен дел на финансиските извештаи секогаш биле доставувани на овој начин и нема никаква промена во нивното презентирање.

- **По втората точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на Консолидираната Годишната сметка на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2011 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија:**

**Прашање:** На шесттата страна од извештајот кој се однесува на втората точка од Дневниот ред, по однос на злоупотребите во Друштвото констатирано е, а Одборот на Директори ја прифатил таа констатација, дека Друштвото не е оштетено, односно, нема претрпено штета од злоупотребите кои во минатите години беа публикувани, за кои и американската компанија која ја вршеше истрагата ,,White & Case,, има свој финален извештај во кој што потврдува дека во Компанијата е направена штета во износ од дваесетичетири милиони евра и уште четири милиони евра неплатен данок - затаен данок кон Управата за јавни приходи. Тоа е констатација од финалниот извештај на истрагите. Од друга страна, во Годишниот извештај на Маѓар Телеком е наведено дека Компанијата е оштетена по овој основ за дваесетидвемилијарди форинти, или околу седумдесет милиони евра. Како е можно компанијата во која се случува тоа, да не биде оштетена, туку да сугерира дека штета претрпеле акционерите. Има нелогичности во констатцијата , од причина што компанијата нема штета, штета имаат акционерите, а Компанијата е на акционерите.
Се побара појаснување по ова прашање од причина што истото се одразува на судските постапки што се водат и што се очекува во иднина да се развијат.

**Одговор:** Политиката на Друштвото во однос на судските постапки е да се воздржи од било какви изјави кои можат да влијаат на постапките на било кој орган во Република Македонија. Друштвото, се разбира, ќе ја почитува било која одлука донесена од страна на државните органи и судската власт. Сите документи кои биле побарани од Друштвото во текот на истрагата се доставени до надлежните органи. Во однос на финансиските импакти беше истакнато дека тие се објаснети во годишниот извештај.

- **По четвртата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2011 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување:**

**Прашање:** Која е разликата помеѓу ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото според општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија и според Меѓународните стандарди за финансиско известување?

**Одговор:** Извештаите се изготвени според македонските сметководствени стандарди и според меѓународните стандарди за финансиско известување. Разликата помеѓу нив е во амортизационите стапки, разликата е во третманотот на средствата, бидејќи според македонските сметководствени стандарди се применуваат едни амортизациони стапки, а кај меѓународните сметководствени стандарди се применуваат

други амортизациони стапки. Како што може да се види од самите извештаи, Друштвото направи напор за порамнување и доближување на сметководствените стандарди на финансиските извештаи од аспект на изедначување на применетите сметководствени политики според меѓународните сметководствени стандарди и македонските сметководствени стандарди.

- **По седмата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2011 година:**

**Прашање:** Бидејќи добивката е резулат на приходот, нормално и на трошоците, а приходот од работењето е околу осум милијарди денари, а добивката е скоро повеќе од 50 (педесет) % од овој приход, од каде произлегува оваа нелогичност, толку висока добивка, при таков низок приход?

**Одговор:** Добивката на неконсолидирано ниво на Македонски Телеком АД - Скопје се состои од добивката што Друштвото ја остварила во тековната година плус приходите кои што ги остварува по основ на дивиденда од својата подружница Т-Мобиле Македонија АД Скопје остварена од минатата година, која е во 100% сопственост на Друштвото . Износот во висина околку 3,74 милијарди денари е добивка од Т-Мобиле Македонија АД Скопје од 2010 година добиена како дивиденда Овој приход од дивиденда во Македонски телеком АД - Скопје е книжен во 2011 година. На тоа се додава и добивката од Македонски Телеком АД - Скопје што ја остварил во 2011 година и така е добиен тој резултат.

**Прашање:** Дали овој приход се однесува само на T-Home ( Македонски Телеком)?

**Одговор:** Во точката 22 од Извештајот е наведено од каде доагаат приходите. Приходите по основ на дивиденди не се од редовното работење на компанијата. Приходот од осум милијарди денари се од редовното работење на Македонски Телеком АД – Скопје, а со оглед дека приходите по основ на дивиденда не се од редовното работење на Македонски Телеком АД - Скопје и од тие причини истите се раздвоени. На консолидирано ниво може да се види дека тие се пребиени и тука ќе се види колку е вкупниот приход.

**Прашање:** Бидејќи акциите на акционерите на Македонски Телеком АД – Скопје се за консолидираните финансиски извештаи, од Групација на T-Home и Т-Мобиле, а на денешното Собрание се донесуваат финансиски Извештај и финансиска сметка само за T- Home (Македонски Телеком), а нема за Т- Мобиле, кој ги донесува за Т- Мобиле?

**Одговор:** Постојат два вида на Извештаи, едниот е неконсолидиран и се однесува само на Македонски Телеком АД - Скопје, а другиот е консолидиран со Т-Мобиле Македонија. Финансиските извештаи ги усвојува на посебно Собрание на Т-Мобиле, согласно нивниот Статут. Беше појаснето дека Македонски Телеком е 100% сопственик на Т- Мобиле, кое како посебно правно лице одржува свои состаноци на Собранието на акционери.

- **По исцрпување на точките на работниот дел на Дневниот ред:**

**Прашање:** Какво влијание има платената казна во износ од 95.000.000,00 (деведесетипетмилиони) долари врз Македонски Телеком АД – Скопје?

**Одговор:** Тие средства не се платени од страна на Македонски Телеком АД - Скопје, туку тие средства се платени од страна на Маѓар Телеком и од Дојче Телеком и тоа е содржано во нивните финансиски извештаи. 95.000.000,00 (деведесетипетмилиони) долари се платени комбинирано, од страна на Маѓар Телеком и од Дојче Телеком, а поголемиот дел е платен од Маѓар Телеком и тие средства не се во билансите ниту на Македонски Телеком АД - Скопје, ниту на Т-Мобиле Македонија АД Скопје, односно овие трошоци се книжени во финансиските извештаи на Маѓар Телеком и Дојче Телеком.